**РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

---

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# ЗАПИСНИК
**Од Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 20 јуни 2019 година, сала Борис Трајковски**

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10:08 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г.Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа г.Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Ивана Туфеџиќ, потпретседател на Советот, г.Бујар Османи заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Советот, пратениците и членови на Советот: г. Илија Димовски, г.Антонијо Милошовски, г.Горан Милевски, г.Илија Николовски, г-ѓа Шпреса Хадри и пратениците заменици членови на Советот: г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Елизабета Канческа Милевска, г.Фадил Зендели и г-ѓа Магдалена Манаскова.

На седницата присуствуваа г. Бојан Маричиќ претставник од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, г.Младен Чадиковски претставник од Здружението на новинари на Македонија, г.Антони Пешев од Стопанската комора на Македонија, г.Ристо Ајтов, претставник од Сојузот на синдикати на Македонија, г.Шинази Мемети, претставник од Исламска верска заедница, г.Драган Георгиевски претставник и г-ѓа Ена Абјаниќ Чаусидис заменик претставник од Католичката црква.

На седницата беа поканети и присуствуваа амбасадори на земјите членки на Европската унија.
На седницата беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ. На седницата присуствуваа претставници од Секретаријатот за европски прашања, граѓански организации, претставници од Службата на Собранието и медиумите.

На Четвртата седница на Советот беше предложен и усвоен следниот

**Дневен ред:**

*-Усвојување на записниците од Првата,Втората и Третата седница на Националниот совет зе евроинтеграции*

1. **"Видувањата од Берлин и Париз околу долгорочната визија за Европска интеграција"**

Записниците од првата седница одржана на 20 септември 2017 година, втората седница одржана на 27 април 2018 година и третата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 17 јули 2018 година, членовите на Советот ги усвоија едногласно, без забелешки.

На седницата на Националниот совет за евроинтеграции свои обраќања имаа Н.Е Томас Норберт Герберих, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија и Н.Е Кристиан Тимониер, амбасадор на Република Франција во Република Северна Македонија.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г.Никола Попоски** на почетокот на седницата ги поздрави Н.Е Томас Норберт Герберих, амбасадор на Сојузна Република Германија и Н.Е Кристиан Тимониер, амбасадор на Република Франција кои ја прифатија поканата да се обратат пред Националниот совет за евроинтеграции. Претседателот на Советот г.Попоски, истакна дека е исклучително значајно да се слушнат ставовите и стратегиите на Германија и Франција, за да се согледаат очекувањата од нашата земја како и од Европската унија во период што следи.

**Н.Е Томас Норберт Герберих, амбасадор на Сојузна Република Германија во обраќањето на седницата** истакна "Лично сум убеден дека уште оваа година ќе може да има само една одлука, тоа е да се започнат пристапните преговори со Северна Македонија, согласно препораките на Европската комисија. Прашањето не гласи повеќе дали, туку кога тоа ќе се случи". Сега е потребно продлабочување на реформскиот процес, сите делови од општеството да се вклучат во процесот на интеграцијата и да соработуваат заеднички со цел секој граѓанин да ги почувствува резултатите**.** Република Северна Македонија испишала успешна приказна на Западен Балкан. Укажа дека е јасна европската перспектива за државата и дека се исполнети надворешните и внатрешните предуслови, како и дека се донесени сите реформски закони во изминатите две години. Процесот на пристапните преговори ќе биде многу корисен за да се развие и стабилизира демократијата во земјата. Независно од политичките успеси и фактот дека значајни закони се носат во Парламентот со гласови од опозицијата, сега започнува напорен пат со отварање на поглавјата. Никој не смее да биде оставен во процесот на интеграција, а тоа значи дека сега треба да се продлабочи реформскиот процес со цел секој граѓанин да види резултати. Сите делови од општеството, религиите, етничките групи мора да соработуваат за да може да се надмине постоечката поделба во општетството. Владата мора целосно да се концентрира на реформскиот процес кој треба да понуди шанси и подобри животни услови за сите.

**Н.Е Кристиан Тимоние, амбасадор на Република Франција во Република Северна Македонија,** изрази задоволство за поканата за учество на седницата и апелираше за потребата почесто да се организираат вакви дебати на Националниот совет за евроинтеграции. Во обраќањето амбасадорот Кристиан Тимоние истакна дека земјата успеа да направи голем чекор напред што е забележано во Извештајот на Европската комисија и нагласи дека поради политички дебати или политички маркетинг често фокусот е на прашања со датуми, кои можеби не се толку од суштинско значење. Претстои уште многу напорна работа, но има и работи кои Европската унија треба да ги заврши, да ја обнови својата рамка и да биде спремна да ги пречека земјите од Западен Балкан. "Ние сме убедени дека вашето место е во ЕУ и повеќе инсистираме на добро организирана појдовна точка и почеток на преговорите и сакаме на општеството да му испорачаме позитивни сигнали" истакна Амбасадорот Тимоние и повика во наредните месеци до есента да се испорачаат дополнителни докази за нашиот капацитет за реформите за да може квалитетно да се отворат преговорите со ЕУ. Амбасадорот Тимоние даде

забелешки за бавното градење на помирувањето, за владеењето на правото, за спроведувањето на законите. На јавното мислење во Франција потребни се сигнали дека политичкото општество реално се менува и дека Западниот Балкан нема да донесе дополнителни потешкотии.

**Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи,** се осврна на постигнувањата во делот на исполнувањето на политичките и економските критериуми при што истакна дека одлуката за датумот е одложена од технички причини, но е оптимист дека земјата годинава ќе ги започне преговорите со Европската унија. Во заклучоците од Советот за општи прашања на ЕУ видлива е консензуалната волја на сите земји-членки на ЕУ дека Република Северна Македонија треба да ги отвори преговорите. Г.Османи повика, како идни партнери на ЕУ треба да имаме разбирање за техничките предизвици кои ги има во регионот или во земјите-членки. За нас е важно кога ќе биде одржана заедничката меѓувладина седница на Северна Македонија и Европската унија, бидејќи тоа е појдовната точка за почеток на преговорите.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г.Никола Поповски** во обраќањето укажа дека присутни се две клучни пораки: едната од Берлин која вели „да" за членство но не веднаш, и другата порака од Париз која вели „да" за членство но не вака - прво мора да се реформира Европската унија. Фокусот треба да биде помалку донесување или менување на законите, повеќе имплементација на законите, помалку маркетинг, повеќе реформи во праксата. Пристапувањето во ЕУ ќе биде многу долг пат, и за тоа треба сите да бидат свесни. Доколку нема конкретна одлука за датумот за почеток на преговорите, фрустрацијата ќе расте, а довербата кон ЕУ ќе опаѓа. Г.Поповски изнесе мислење дека Македонија не е доволно финансиски спремна за влез во Европската унија, и дека во финансиската рамка за 2021-2028 не се предвидени средства за проширувањето на земјите од Балканот. Во моментот Европската унија внатрешно има повеќе приоритетни работи како потенцијална трговска војна, преструктуирање и Британија. Според Поповски државата може да се надева на влез во Европската унија од 2028 до 2034 година, при што нагласи дека мора да се прилагодиме на европската реалност доколку сакаме да станеме дел од ЕУ.

**Потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ца Ивана Туфегџиќ** во обраќањето истакна дека недобивањето датум за преговори во јуни не е неуспех на Владата туку за државата, затоа што и за власта и за опозицијата почетокот на преговорите со ЕУ е заеднички интерес. Во дискусијата се осврна на младите луѓе, и укажа дека во заклучоците на Советот на ЕУ нотиран е проблемот на справувањето со "одливот на мозоци" и создавање на позитивна економска перспектива за младите луѓе од Западен Балкан. Одговорноста за ова е кај властите и опозицијата во земјите од Западен Балкан, но одговорност има и Европската унија бидејќи сите истражувања покажуваат дека младите го поврзуваат својот опстанок со реална и кредибилна перспектива. Според Туфегџиќ, во наредниот период многу важно е општествените чинители сите заедно вклучително и медиумите, граѓанското општество, независните регулаторни тела, да се насочат кон надзорот на имплементација на донесените закони. Важно е дијалогот во општеството да опстане и да не се претвори во алатка за политичка борба, затоа што младите луѓе се иселуваат од државата.

**Претставникот на Националниот совет за евроинтеграции од Католичката црква г. Драган Ѓеоргиевски** во дискусијата изнесе забелешка дека претставници од Католичката црква не биле вклучени во процесите на донесување на закони, при што го спомена законот за прекин на бременоста и законот за ратификацијата на Истанбулската конвенција, за кои имале дополнувања и предлози. Г.Горгиевски побара во иднина од

Собраниските служби да биде обезбеден пристап до јавните дебати на претставници од Католичката црква.

**Претседателот на Комисијата за надворешна политика и член на Советот г. Антонијо Милошовски** во дискусијата изнесе дека според негови информации кои се јавно достапни, во Советот на Европската унија нема консензус за Македонија и Албанија да добијат одлука за почеток на преговорите за членство. Милошовски истакна дека кај граѓаните не треба да се даваат лажни очекувања и не треба да се шират лажни вести. Според Милошовски, во свет на глобални информации, контакти, странски весници и дописници кои се многу добро информирани, не е чесно да се манипулираат граѓаните дека Македонија добила датум минатата година, за сега да се соочиме со разочарување зошто државата не го добила датумот кој што го заслужува уште од 2009 година.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Илија Димовски** во дискусијата нагласи дека опозицијата била конструктивна и учествувала во реформите потребни за Европската унија. Според Димовски во јуни 2018 година Владата пласирала лажна вест дека Македонија добила датум. Во следните неколку месеци има мали шанси, ако се вложат доволно напори, Владата да се надева на препорака. Потребно е заеднички да се направи национална стратегија што и како понатаму, со конструктивен приод од опозицијата и од власта. Димовски апелираше европската перспектива да биде општа национална тема која што ќе биде доминантна во македонскиот парламент, а Владата да ги спроведува насоките што ќе ги добива од парламентот.

**Заменик член на Комисијата за европски прашања г-ѓа Снежана Калеска Ванчева** во дискусијата упати апел до Европска унија да не се заборават темелните принципи врз кои почива Европската унија како и темелните принципи на Декларацијата на Обединетите нации. Со сите проблеми кои ги има Европската унија, не може да продолжи понатаму доколку не се наврати повторно на темелните принципи и ги постави повторно на пиедесталот. Ако ги постави тие принципи на пиедесталот, Балканот веднаш ќе биде дел од Европската унија , истакна Калеска Ванчева.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции од Кабинетот на Претседателот на Владата, г.Бојан Маричиќ** во дискусијата изрази задоволство за можноста да дискутира укажувајќи дека е потребно Советот почесто да се состанува со што дискусијата ќе биде попродуктивна, ќе се даде можност на граѓаните да ги согледаат состојбите, но и да се изгради заеднички национален консензус. Според Маричиќ не може да се избегне фактот дека Извештајот на Европската комисија е најуспешниот досега и ги содржи најпозитивните оценки во последните десет години. Апелираше да не се пропушта шансата да се поздрави овој успех на целата држава, да се продолжи напред бидејќи се наоѓаме во крајна фаза на подготовка на преговарачката структура. Г.Маричиќ истакна дека државата е подготвена да започне со преговорите, а Владата и Собранието треба заедно вредно да работат до октомври. Државата ќе докаже дека секое наредно одлагање би било и неправедно, но и неодрживо. Треба да се искористи приликата и да се испрати порака до државите членки дека петнаесет години во чекалната е доволно долго за да ги започнеме преговорите денес и да се надеваме дека во првото наредно проширување во таква каква што ќе биде Унијата, би можело нашата држава да биде дел од тоа проширување. Според Маричиќ, може паралелно да тече процесот на проширување и процесот на реформирање, бидејќи во реформирањето и идната визија за ЕУ треба да влезе Западниот Балкан.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г.Никола Попоски** на крајот на седницата се заблагодари на присутните за дадениот придонес и упати

благодарност до амбасадорите на Германија и на Франција за нивните обраќања и пораки, со надеж дека ќе ги имаме како сојузници за што е можно поголемо скратување на долгиот процес кој ќе бара внатрешни промени во ЕУ како и долгиот временски период на нашето прилагодување пред полноправното членство. Попоски потенцираше да не се заборави дека постои национален консензус Република Македонија да стане членка на Европската унија.

Седницата на Советот заврши во 12.16 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни заменици.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Никола Попоски**

31-3512/7
15.10.2019

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска

Изработил: Јасмина Трпкова Ќурапова
Контролирал: Целе Најдески
Одобрил: Даниела Велковска